# Средно економско и правно училиште на Град Скопје

# „АРСЕНИ ЈОВКОВ “- Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО
# 2021-2023 ГОДИНА

**Скопје**
**2024**

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

**Цели на самоевалуацијата:**

- o Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- o Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- o Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно - образовниот систем.
- o Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- o Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- o Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- o Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- o Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

**Процес на самоевалуација**



Фази на процесот на самоевалуација

**Подготвителна фаза**

- определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација
- прибирање и групирање податоците за самоевалуација
-прибавување на документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштата

**Фаза на реализација**

- анализирање на податоците и документацијата
- усогласување на добиените наоди
- подготвување на поединечни извештаи за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација.

**Фаза на известување и усвојување**

- се обезбедува достапност на нацрт извештајот на наставничкиот совет, советот на родители, учениците, директорот на училиштето и училишниот одбор
- се изготвува извештај за самоевaулацијата.
- објавување на Извештајот од самоеваулацијата на веб страницата на училиштето

**Формирање на тим за самоевалуација**

Тимовите за реализација се формирани според индикатори за квалитет: Наставни планови и програми, Постигнувања на учениците, Учење и настава, Поддршка на учениците, Училишна клима и односи во училиштето, Ресурси, Управување, раководење и креирање политика. Исто така определени се и Координатори на тимовите.

1. Наставни планови и програми
   - Клара ПАвловска - Претседател
   - Аида Абедини Дурак
   - Петреска Ирена
   - Беса КАдриу Асани
   - Јасмина Ѓурчиновска
   - Флора Маемети
   - Маја Митевска

2. Постигнувања на учениците
   - Наташа Андоновска - Претседател
   - Зулфије Пурелку Аети
   - Анита Армаганијан ТАсевска
   - Анумша Мифатри
   - Јованка Лековска
   - Сашка Андреевска
   - Арбенита Сопи Аме

3. Учење и настава
   - Светлана Цветкоска - Претседател
   - Валдете Лимани
   - Флорим Чилафи
   - Весна Стефковска
   - Богдан Богдановски
   - Елвире Зукај
   - Нуртене Тачи

4. Поддршка на учениците
   - Ганимете Речи Бислими - Претседател
   - Семра Алијовска
   - Убавка Исијановска
   - Едита Кадриу Кривењева
   - Бејхане Адеми
   - Билјана Алексовска
   - Марија Стојановска

5. Училишна клима и односи во училиштето
   - Ирфан Зубери - Претседател
   - Шенаси Точи
   - Соња Миновска
   - Весна Гудеска
   - Оливера Андова Панова
   - Хулија Ахмети
   - Фатљуме Металари

6. Ресурси
  - Алма Точи - Претседател
  - Мухамед Красниќи
  - Бујар Етеми
  - Сузана Богдановска
  - Тони Панговски
  - Крсте Војнески
  - Бехаре Рамадани

7. Управување, раководење и креирање политика
  - Блерим Зекири - Претседател
  - Дијана Јеринчева
  - Фадиљ Бајрами

Координатори на тимовите се:

- Дијана Јеринчева
- Семра Алиевска
- Анумша Мифтари

Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

| **Техники:** | **Инструменти:** |
| --- | --- |
| Набљудување ------------------------------------------------------------------- | Следење на состојбата |
| Анкетирање ------------------------------------------------------------------------- | Анкети, прашалници |
| Скалирање --------------------------------------------------------------------------- | Скали, графички приказ |
| Анализа на документи, дневник за работа, извештаи, записници и сл.----- | Чек листи |

**Нивоа на постигања**

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување** . Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН ( Државен просветен инспекторат ) вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа и тоа : многу добро, добро, делумно задоволува, не задоволува.

**Ниво 4/ многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3/ добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата

се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2/ делумно задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1/ не задоволува** – Со не задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето.Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од по подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

| Подрачје на вреднување | Ниво на постигања |
|---|---|
| Наставни планови и програми | Многу Добро |
| Постигнувања на учениците | Добро |
| Учење и настава | Добро |
| Подршка на учениците | Добро |
| Училишна клима и односи во училиштето | Добро |
| Ресурси | Добро |
| Управување,раководење и креирање политика | Многу добро |

**Резултати од самоевалуацијата на училиштето во 2023 година**

**Севкупното работење на училиштето се оценува како добро.**

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на план според кој беше формиран училишен тим, избор на подрачја на вреднување, активности во текот на процесот и по завршувањето на самоевалуацијата, внатрешни и надворешни учесници, време на реализација, користени инструменти и техники, чување, заштита и располагање со податоци користени во самоевалуацијата, обработка и анализа на добиените податоци, пишување извештај.

Во текот на самоевалуацијата работните групи остварија повеќе работни средби со претставници од Наставничкиот совет, Училишниот одбор, Стручните активи, како и со фокус групи на ученици и родители.

Добиените резултати произлегуваат од изворите на податоци, инструменти, техники и методи кои се користени во самиот процес.

*Подрачје 1: Наставни планови и програми*

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***Организација на наставните планови и програми***

- Наставата во СЕПУГС „Арсени Јовков“- Скопје се реализира во согласност со наставните планови и програми за средно стручно образование.
- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Успешно се реализираат наставните програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите.
- Сите видови на настава: задолжителна, дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани.

***Квалитет на наставните планови и програми***

- При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност.
- Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи но исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците планирани се содржини од областа на здравственото воспитување и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.
- Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и IКТ програмата.

***Вон-наставни активности***

- учениците успешно учествуваат во воспитно-образовната и вонnаставна работа на училиштето со цел постигање на што подобри резултати.

**Подрачје1: Наставни планови и програми**

| *Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи* | | |
|---|---|---|
| ***Документи кои се прегледани.*** | | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Годишни и тематски планирања;***<br><br>***Наставни планови и програми***<br><br>***Дневник на паралелката;***<br><br>***Изјави за избор на изборни предмети и подрачја*** | **3.1.1** ***Организација на наставните планови и програми*** | Училиштето ги реализира наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука во целост.<br><br>Се продолжи со реализација на програмата: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, како и активности како да се стане еко-училиште. Оваа програма е вклучена во формалната и неформалната наставна програма.<br>Во Годишната програма на училиштето и во годишните и тематските планирања се вметнуваат наставни содржини согласно со точките на акција од сите 4 еко-стандарди.<br>Постојат можности учениците, родителите и наставниците да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми според расположливите наставни и помошни средства. Сето ова се постигнува преку непосредни разговори со учениците, родителите и заеднички се доаѓа до нови идеи и нивна примена.<br>Прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина постои кај одредени наставни содржини по одредени предмети и тоа најчесто при одбележување на одредени историски и културни настани. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Изјави за избор на проектни активности;***<br><br>***Годишни и тематски планирања;***<br><br>***Програма за работа на класен час;***<br><br>***Наставни планови и програми*** | **3.1.2**<br>***Квалитет на настав- ните плано ви и програми*** | Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите и учениците. Наставниците изготвуваат наставни планирања односно изготвуваат годишно и тематско планирање за наставните предмети, дополнителна и додатна настава, содржини програмирани од училиштето и др. во кое се содржани целите и задачите, дидактички насоки, корелација со други предмети и теми, средства и постапки за вреднување, наставни форми и методи, наставни средства и помагала за реализација на наставата, и истите ги доставуват кај педагогот на училиштето во почетокот на секоја учебна година. Содржините од наставните планови и програми на учениците им се презентираат на првиот час од учебната година, а се информираат и родителите на родителските средби.<br><br>Наставниците воглавно самостојно ги изработуваат своите планирања според наставните програми добиени од Бирото за развој на образова- нието, МОН и насоките добиени од педагогот, и стручниот актив по соодветен предмет и одредени обуки организирани од Бирото за развој на образованието и МОН. Наставните планови и програми се предвидени за личниот и општествениот развој на учениците во целост и машки и женски. Во нашето училиште нема конфликтни ситуации врз основа на етничка припадност. Во програмите на класните раководители се вметнати теми од областа образование за односите меѓу половите, здравјето на учениците, заштита од болести и еко содржини и активности.<br>За болестите од зависност се одржуваат работилници. Часови за учениците на тема како да се заштитиме од дрога се организираат и во соработка со невладини организации и слични организации со цел како да се заштитат учениците од дрогата.<br><br>Училиштето ги реализира програмите од областа на граѓанското образование преку реализирање на содржините од предметите, социологија, психологија и логика , преку предметот граѓанска образование. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Дневник на паралелката***<br><br>***Извештаи од работата со учениците;***<br><br>***Web страната на училиштето***<br><br>***Извештаи од предметни наставници;*** | ***3.1.3 Воннаставни активности*** | Воннаставните активности во средно стручно образование се реализираат:<br>- од страна на учениците во соработка со педагогот и психологот, како и од одредени предметни наставници со ученици.<br>- во рамките на многубројните јавни настапи на учениците, натпревари државни и меѓународни кои се одржуваат во училиштето и надвор од него.<br>Сите овие активности еднакво се достапни за сите ученици независно од полот.<br><br>Придобивките од воннаставните активности се бројни: афирмирање на училиштето, на учениците како поединци, развивање на способностите и афинитетите на учениците кои се вклучени во нив, развивање на другарството и натпреварувачкиот дух, можност за забава и самообразување, креативно исполнување на слободното време |

***Подрачје 1: Наставни планови и програми***

| ***Клучни јаки страни и слабости*** |
| --- |
| ***Клучни јаки страни:***<br><br>Реализирање на нови идеи според потребите на учениците, родителите и наставниците; Основните информации за зависностите доаѓаат до учениците преку разни предавања; Посета на организирани семинари;<br>Изучување на областа граѓанска образование од страна на учениците преку проектната активност, и социологија; Успехот ги поттикнува и стимулира учениците за учење и дружење<br>Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми<br>Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните содржини од наставните планови и програми изготвени од МОН, а одобрени од МОН и БРО.<br><br>Секој ученик согласно сопствените желби,интереси и потреби зема учество во работата на некои од воннаставните активности<br>Рамноправност при вклучувањето на ученици во воннаставните активности од различна родова, полова,етничка и социјална припадност<br><br>Вклученост на родителите во изборот на дестинацијата за завршна екскурзија Изготвени програми за реализација на проектни активности<br>Зголемен број на освоени награди и признанија од учествата на разни натпревари и манифестации |
| ***Слабости:***<br><br>Неможност за поуспешна реализација на наставните програми поради недостаток на нагледни средства;<br>Не доволно поддршка на наставниците во осовременување на одредени наставни програми од страна на МОН и БРО. Непостоење на учебникарска литература одобрена од МОН по одредени предмети од I до IV година со што се отежнува реализацијата на наставните содржини по тие предмети<br>Непостоење на конзистентност во одржувањето на слободните секции(најчесто пред натпревари)<br>Недоволната оспособеност на наставниот кадар за изработка на програми за работа со ученици со посебни потреби |

*Подрачје 1: Наставни планови и програми*

| ***Анализа на резултатите:***<br>***Подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО. Дадена е можност и на учениците, родителите и наставниците да ја прилагодат реализацијата на наставните планови и програми. Наставните планови и програми се достапни на сите субјекти вклучени во образовниот процес и се изготвени самостојно од наставниците и онаму каде што има можност се врши корелација. Целосната реализацијата на наставните планови и програми овозможува личен и општествен развој на учениците, и едукација во однос на болестите од зависностите. Во нашето училиште постои задоволителна реализација на Граѓанско образование како проектна активност. Преку воннаставни активности и проектните активности што се реализираат според наставните планови и програми на реформираното средно стручно образование, во нашето училиште се подигнува знаењето на учениците на повисок степен, задоволување на нивниот интерес и развивање на нивните способности и вештини, добивање на признанија, награди и дипломи. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Проширување на соработката со родителите,  Набавка на наставни и нагледни средства<br>Обука на наставниците за нивно натамошно усовршување и унапредување |

# *Подрачје 2: Постигања на учениците*

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***Постигања на учениците***

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување.
- Наставниците и учениците имаат развиена свест за константно подобрување на постигнувањата.
- Во училиштето постои систем за идентификација на ученици со тешкотии во учењето и надарени ученици.
- Тенденција да се соработува со учениците кои имаат потреба од дополнителна и додатна настава во зависност од нивните потреби;
- Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача.

***Задржување/намалување на бројот научениците***

- Училиштето има комуникација со локаланата заедница по прашањето и постои простор за уште поголема соработка.
- Училиштето презема активности за подобрување на редовноста, но, сепак, треба да ја преиспита својата стратегија за подобрување на редовноста на учениците.
- Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште.

***Повторување на учениците***

- Во учебната 2021/2022 година сите ученицијa завршија учебната година.
- Во учебната 2022/2023 година сите ученицијa завршија учебната година.

| *Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени) Обработка на документи* | | |
|---|---|---|
| ***Документи кои се прегледани.*** | | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Годишен план и програма;***<br>***Дневник на паралелката***<br>***Извештаи за успехот на учениците;***<br>***Записници од Советот на паралелката***<br>***Записници од Наставнички совет;***<br>***Извештај за просечен успех на училиштето*** | ***4.2.1 Постигања на учениците*** | Во училиштето за подобрување на постигањата на учениците се одржува дополнителна и продолжителна настава во зависност од потребите на учениците или по потреба со цел учениците полесно да ја совладаат наставната материја по одделен наставен предмет. Се одржуваат и индивидуални разговори на одредени ученици со педагогот и психологот со цел да се подобрат постигнувањата на учениците.<br>За талентираните ученици по одредени области се организира додатна настава и консултации кога се организираат натпревари по одредените области со цел да се постигнат повисоки резултати на натпреварите, со што се подобруваат постигањата на учениците. |

***Подрачје 2: Постигања на учениците***

| **Собирање на податоци; кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| ***Методи кои се користени за собирање на податоци*** | ***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации*** | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Советувања на родителите од страна на педагоготи психологот Разговори со класните раководители; Разговори со педагогот и психологот на Училиштето; Анкети од страна педагогот и психологот;*** | ***Класни раководители*** | Во нашето училиште со цел да се подобрат постигнувањата на учениците, се води ученичко досие кое се наоѓа кај класниот раководител и истото е достапно на секој (директор, стручна служба, родител).<br>Се одржуваат дополнителна и додатна настава со одредени ученици. Со учениците кои покажуваат послаб успех се разговара и се следи успехот во текот на целата година.<br>Разговорите ги врши покрај класниот раководител, одделни наставници, педагогот и психологот на училиштето вклучувајќи го и родителот на ученикот. |

*Подрачје 2: Постигања на учениците*

| ***Резултати:*** |
|---|
| ***Клучни јаки страни:***<br><br>Усвоени знаења според можностите на учениците што може да се забележи од приложените податоци за постигнат успех; Одржување на додатни и дополнителни часови;<br>Успешно завршување на образовниот циклус;<br>Зголемена соработка со родителите преку реализираните советувањата на родителите од страна на педагогот, психологот. Стручноста на наставниците и нивниот професионален однос за време на одржување на теоретската настава;<br>Несебичност кон работата како и желбата на наставниците за афирмирање на училиштето во општината и пошироко преку учеството во разните манифестации и натпревари;<br>Систематско и редовно следење на постигањата на учениците;<br>Примена на критериумите и стандардите дадени од БРО за оценување на постигањата на учениците;<br>Соработка на наставниците и училиштето со повеќе субјекти како: други училишта, институции и локална самоуправа;<br>Додатната настава како и учеството на натпревари ги поттикнуваат учениците да ги развијат своите вештини, да стекнат нови навики, знаења и умеења. |
| ***Слабости:***<br><br>Нема можности за поголем број часови од дополнителна и додатна настава за учениците поради работењето на училиштето во две смени и недоволен број на училници.<br>Недоволна мотивираност кај учениците за постигање на повисоки резултати во учењето; Недоволен интерес на учениците со потешкотии во учењето за дополнителна настава; Голем број изостанувања од страна на одреден број ученици;<br>Недоволен интерес и соработка на родителите со училиштето; |

| Р. бр. | Подрачје 2 – Постигнувања на учениците | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Тема** | **Извор** | **Решение - оценка** |
| 2.1. | Постигнувања на учениците | Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност (јазик на наставата) по наставни предмети и квалификациони периоди | - Извештаи од стручната служба | **Многу добро**<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по јазикот на наставата, по сите наставни предмети на тромесечие и крајот на првото полугодие и на крајот на годината. |
| | | Подобрувања на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност (и јазикот на наставата) | - Според направен увид во актуелните постигања на учениците | **Многу добро**<br>Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, во училиштето се преземаат активности за подобрување на постигањата на учениците од различен пол и јазик на настава. Подобрувањето на постигањата на учениците се остварува и преку секојдневни разговори со учениците, постојани контакти со родителите и следење од страна на стручните служби во училиштето. |
| | | Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби | - Извештаи од стручните служби | **Добро**<br>Училиштето ги идентификува надарените ученици, учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби и го следи нивниот напредок. |
| | | Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната, дополнителната и додатната настава | - Дневници | **Многу добро**<br>Во текот на целата учебна година се одржува дополнителна настава со ученици кои покажуваат слаб и изразито слаб успех. Во текот на учебната година се организираат и изведуваат посети на учениците на банки, саеми, Суд, Собрание на РМ, Архив на РМ, претпријатија, музеи, театри итн. |
| | | Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование | - Записници од стручни органи на училиштето | **Делумно задоволува**<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, постигано не презема посебни активности за надминување на разликите што се јавуваат во таквите ситуации. |
| 2.2. | Задржување/одлив на | Опфат на учениците | - | *Се однесува на основното образование* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученици | Редовност во наставата | - Извештаи од стручните служби | **Многу добро**<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) и презема активности за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. |
| | | Одлив на учениците | - Статистички извештаи | **Добро**<br>Во текот на учебната година 2022/2023 мал број на ученици се испишале за да се запишат во друго училиште, има ученици кои се префрлиле да учат вонредно и околу 10 ученика се отстранети |
| | | Премин на учениците од едно во друго училиште | - Извештаи од стручната служба | **Многу Добро**<br>Во текот на учебната година 2022/2023 бројот новодојдени ученици е поголем од бројот на испишани |
| 2.3. | Повторување на учениците | Ученици кои не ја завршиле годината | - Извештаи од стручната служба | **Многу добро**<br>Учебната 2022/2023 ја завршиле сите ученици |

***Подрачје 2: Постигања на учениците***

| ***Анализа на резултатите:*** |
|---|
| Во нашето училиште 100% го завршуваат средното образование. Наставната планирана програма целосно се реализира. Постигнатите резултати во целост се претставени погоре на бараното прашање. Од ова можеме да заклучиме дека постигнатиот успех ги задоволува поставените стандарди во процесот на образованието.<br><br>Со одржување на додатна и дополнителна настава се оди со подобрување на успехот кај одредени ученици од што согледуваме дека во нашето училиште има многу мал број на ученици кои ја повторуваат учебната година. Во нашето училиште со донесувањето на Правилникот за однесување на учениците значително се подобрени постигнувањата кај учениците гледано од сите аспекти (успех, дисциплина, редовност, одговорност, другарството, хуманоста, учеството на различни натпревари). |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Обука на наставниците за нивно стручно унапредување.<br>Набавка на нагледни и наставни средства за одделни наставни предмети.<br>Обезбедување на финансиски средства за редовно учество на организирани натпревари. |

## Подрачје 3: Учење и настава

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***Планирање на наставниците***

- За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат : годишен глобален план, тематски планирања, оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава.
- Планирањата на наставниците содржат јасни цели на учењето, активности на часовите, интерактивни форми и методи, очекувани резултати од учењето, избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа, проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час.
- Наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.
- Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма.
- Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на стручниот актив, колеги од други училишта, советници од БРО и Државен испитен центар.

***Наставен процес***

- Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа, работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации, изработка на визуелни помагала и изработка на проекти.
- Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации).
- Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.

- Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници, стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието), цртежи, слики, нагледни средства, материјал и алати за практична настава за учениците од средно стручно образование.
- Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол, социјално потекло, етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.
- Увид во годишните планирања на наставата, тематските и дневните подготовки.
- Посета на часови ( секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба).
- Листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник).

***Искуства на учениците од учењето***

- Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку: кооперативно учење, работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата; организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари; организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;
- Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата.
- Соработката меѓу учениците и наставниците во училиштето се реализира преку спортски натпревари, учество на културни манифестации, учество во проекти, хуманитарни акции и сл.

***Задоволување на потребите на учениците***

- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности како што се: реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот, стилови на учење на учениците, потешкотии при совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува).
- Наставниците ги почитуваат различните потреби на учениците во наставата преку**:** реализација на дополнителна настава, толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата, додатна настава за надарени ученици, мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари.

***Оценување (како дел од наставата)***

- Се користат различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците согласно законските прописи.
- Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;
- Учениците се оценуваат преку усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.
- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата
- Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците.

***Известување за напредокот на учениците***

- Известување на родителите за напредокот на учениците се врши преку редовни и вонредни родителски средби, индивидуални консултации со наставниците, советот на родители, евидентни листови и сл.
- Родителите имаат пристап до Е – дневник и комуникација со педагошко – психолошката служба преку која добиваат информации за успехот на учениците.

| ***Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи*** | | |
|---|---|---|
| ***Документи кои се прегледани.*** | ***Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации*** | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Годишни и тематски планирања и програми; Дневници на паралелките; Наставен план и програма;***<br><br>***Програми за работа на стручни активи;***<br><br>***Извештаи за работа на стручни активи;*** | ***5.3.1 Планирање на наставници те*** | Секој наставник пред почетокот на учебната година изготвува модуларен годишен и тематски план и програма за реализација на својата наставна програма според укажувањата кои претходно се добиени од МОН и Бирото за развој на образованието. Врз основа на изготвената програма, наставниците изготвуваат подготовки за секоја наставна единица, односно наставна тема. Во таквите подготовки секој наставник подетално ги дефинира своите активности кои планира да ги реализира на самиот наставен час. Училиштето преку директорот, педагогот и психологот има целосен увид во ваквите изготвени подготовки изработени од самите наставници и дава консултативна помош за нивна изработка. На овој начин е поставен еден целосен систем на следење на планираните активности од страна на наставниците. т.е целиот наставен процес, со што во голема мера се подобрува наставниот процес.<br>Исто така наставниците изготвуваат план за дополнителна и додатна настава.<br>Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата ”Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “.Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл. Со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во ваквиот процес на планирање, наставниците имаат голема подршка од Бирото за развој на образованието, исто и од самото училиште.<br>Размената на искуства и информациите кои се однесуваат на планирање на наставниот процес, наставниците ја остваруваат преку меѓусебни контакти и дискусии, и на тој начин го делат своето искуство со останатите колеги, чија цел е добивање поголема ефикасност во процесот на планирањето.<br>Во нашето училиште постојат и стручни активи по сродни наставни предмети составени од наставници кои го предаваат соодветните предмети во кои комуникацијата е на едно завидно ниво и овозможува постојана размена на искуства и информации. Секој стручен актив изготвува Програма за работа на стручниот актив за тековната учебна година и Извештај за работата на стручниот актив за предходната учебна година. |
| ***Годишен и тематски план и програма; Дневник на паралелката; Наставен план и програма; Извештаи од*** | ***5.3.2 Наставен процес*** | Наставниците при реализација на наставните планови и програми по наставните предмети, додатна и дополнителна настава користат разновидни и адекватни современи наставни методи, форми и техники. За таа цел спроведена е анкета на наставниците од нашето училиште. Врз основа на спроведената анкета на добиени се следниве резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| ***директорот за посета на часови;***<br><br><br>***Извештаи од педагог за посета на часови;***<br>***Анкетни листови;***<br>***Извештај од извршената анкета;*** | ***Анкетен лист на наставници*** | **<u>Дополнителна  настава</u>**<br><br>Во однос на дополнителната настава, евидентирани се следните резултати :<br>• 70% од учениците кои посетуваат дополнителна настава се ученици со недоволен успех, 25 % за учениците со доволен успех, 5% за оние ученици со добар успех<br>• Поголем дел од анкетираните наставниците изготвуваат писмена подготовка  за часовите  за дополнителна настава, мал дел не изготвуваат писмена подготовка, а неколку ја изготвуваат писмената подготовка за часовите за дополнителна настава понекогаш**.**<br>• Речиси сите од испитаните наставници сметаат дека часовите за дополнителна настава им помага на учениците во подобрувањето на нивните постигнувања;  ниеден од наставниците не смета дека дополнителната наставна не помага за да се подобри квалитетот на знаењата, неколку сметаат дека можно е понекогаш да има подобрување, а неколку сметаат дека потребно е да се има основни познавања од предметот за да има подобрување во наставниот процес кај учениците кои посетуваат часови за дополнителна настава.<br>**Во училиштето се организира и изведува дополнителна настава, претежно за учениците со недоволен и доволен успех, наставниците сметаат дека дополнителна настава им помага на учениците во подобрувањето на нивните постигнувања, но загрижува податокот од една третина од наставниците кои не изготвуваат или понекогаш изготвуваат писмена подготовка  за часовите  за дополнителна настава.**<br>**<u>Додатна настава</u>**<br>Анкетите во однос на додатната настава го покажуваат следното : |

| | | |
|---|---|---|
| | | • половина од анкетираните наставници организираат додатна настава најмногу за учениците со одличен успех, а помал дел за оние ученици кои сакаат да присуствуваат на тие часови независно од успехот.<br>• Две третини од испитаните наставници додатната настава ја реализираат во текот на целата училишна година, неколку ја реализираат само пред натпревари, двајца не реализираат воопшто додатна настава или реализираат во зависност од интересот на учениците и по потреба и барање на учениците.<br><br>**Од добиените резултати може да се забележи дека интерес за додатна настава не покажуваат само одличните ученици, туку и ученици со послаб успех. Додатна настава реализираат голем дел од наставниците.** |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Анкетен лист на наставници*** | **<u>Наставни форми и методи</u>**<br>• Најкористени наставни форми кои ги набројале испитаните наставници од нашето училиште се следните: фронатална форма, индивидуална форма, работа во групи и работа во парови.<br>• Најкористени наставни методи кои ги набројале испитаните наставници од нашето училиште се следниве: метод на усно излагање, метод на пишување, демонстративен метод, структурален метод, текст -метод, метод на разговор, кооперативно учење, метод на самостојна работа.<br>• 17% од испитаните наставници сметаат дека учењето во училницата е многу активно, диманично и има работна атмосфера, 80% сметаат дека тоа е просечно и 3% сметаат дека таквото учење е на пониско ниво.<br>• 10% од анкетираните наставници се изјасниле дека често применуваат ИКТ во наставата во зависност од наставнните содржини, 23 % се изјасниле дека понекогаш применуваат ИКТ во наставата, а 67% одговориле дека ретко користат ИКТ во наставата.<br>• 73% од наставниците одвреме – навреме им задаваат домашна работа на учениците, а 10% редовно им задаваат домашна работа, а 17% од наставниците не им даваат домашна работа воопшто.<br>Со цел да се зголеми интересот за учење кај учениците анкетираните наставници од нашето училиште ги навеле следниве активности :<br>- Да се намали бројот на предметите кои се изучуваат и бројот на часови неделно;<br>- Намалување на наставните програми, зголемување на часови за вежби и повторување; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Употреба на интерактивни бели табли и учебници со електронска содржина (изготвени од МОН и БРО);<br>- Опремување на кабинетите со соодветни наставни средства и помагала;<br>- Спојување на теоретските знаења со практиката;<br>- Соработка со разни институции и посета на институции;<br>- Стипендирање на талентираните ученици со државни награди;<br>- Употреба на вистински реални критериуми за вреднување на квалитетот на наставата.<br>- Организирање на обуки во кои се вклучени учениците.<br><br>Наставниците користат разновидни форми и методи на работа во зависност од наставната единица и од класот каде се изведува наставата. Во реализацијата на наставните програми се користат постојните наставни средства и помагала, дел од наставниците користат smart табла, се применуваат нови современи форми на работа, но има потреба од подобрување на состојбата со повеќе аудио-визуелни средства и компјутери и поголем опфат на наставниците кои ќе ја користат smart таблата во наставата. Од добиените резултати може да се забележи дека мал број од наставниците користат ИКТ во наставниот процес, но таквиот резултат е последица на непостоењето на услови за користење на ИКТ во наставата. Само 17% од наставниците сметаат дека учењето во училницата е многу активно, диманично и има работна атмосфера, а најголем дел сметаат дека тоа е просечно, а причините за ваквата состојба се недоволната примена на нови современи форми на работа и недоволната мотивираност на наставниците.<br>Исто така е спроведена анкета на 30 родители, (13 мажи и 17 жени) . Стручна спрема: високо образование 4 мажи и 3 жени, вишо образование 1 маж и 2 жени, средно образование 8 мажи и 11 жени и со основно образование 1 жена. Анкетата се однесува на наставниот процес, |

| | | |
|---|---|---|
| | | искуствата на учениците од учењето, задоволување на потребите на учениците и известување на напредокот на учениците. Резултатите се истакнати подолу во секој од горенаведените делови. Во поглед на наставниот процес резултатите на поставените прашања се следниве:<br><br>**Примена на интерактивни наставни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.**<br><br>• 43% од родителите сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците;<br>• 43% од родителите се изјасниле дека во наставата делумно се користат разновидни форми и методи.<br>13% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.<br><br>**Реализација на дел од наставните содржини со примена на ИКТ**<br>• 27% од родителите сметаат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ<br>• 33% од родителите делумно се согласуваат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ.<br>• 40% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Примена на интерактивни методи (прашања, дискусии, работа во групи ) од страна на наставниците кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците.**<br>• 47% од родителите се изјасниле дека наставниците применуваат интерактивни методи(прашања, дискусии, работи во групи) кои поттикнуваат соорaботка помеѓу учениците.<br>• 50% од родителите се изјаснија дека делумно се применуваат интерактивни методи кои поттикнуваат соорaботка помеѓу учениците.<br>• 3% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.<br>**Поттикнување на учениците при усвојувањето на новите наставни содржини да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет или други предмети.**<br>• 67% од родителите се изјасниле дека наставниците при усвојувањето на новите наставни содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет и од други предмети.<br>• 26% од родителите делумно се согласуваат околу ова прашање.<br>• 7% од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите**.<br>• 40% од родителите сметаат дека наставниците задаваат домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите.<br>• 47% од родителите делумно се согласуваат околу ова прашање.<br>• 13% од родителите се изјасниле дека негативно се изјасниле околу ова прашање.<br>**Примена на различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и поттикнување интерес кон темите што се изучуваат.**<br>• 53% од родителите сметаат дека се користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и побудување на интерес кон темите што се изучуваат.<br>• 33% од родителите делумно се согласуваат<br>• 13 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.<br>**Наставниците ги поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.**<br>• 67% од родителите сметаат дека наставниците ги поттикнуваат учениците да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.<br>• 20% од родителите делумно се согласуваат<br>13 % од родителите се изјасниле негативно во однос на ова прашање.<br>**Наставниците се однесуваат со учениците** на **начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.**<br>• 13% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира взаемно почитување,помош,сооработка и разбирање.<br>• 87% од родителите делумно се согласуваат во однос на ова прашање<br>• Ниеден од родителите не се изјаснил негативно во однос на ова прашање. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Споредбени анализи за успехот и редовноста на различни генерации ученици.<br>Анкети за собирање на податоци од учениците и родителите во врска со поддршката на учениците.<br>Современо опремување на кабинетите. |

**Прилог : Анкета за редовноста спроведена кај ученици и родители**

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ – извршена анкета на 30 ученици**

1. Дали според тебе често отсуствуваш од часовите?

   а) да   б) не

2. Твоето отсуство најчесто е :

   а) цел ден   б) на неколку часа   в) еден час

3. Причината за отсуството од часови најчесто е:

   а) кога си болен   б) кога се испитува   в) кога не ти се доаѓа и ти е здодевно   г) кога се подготвуваш за испитување

4. Колку професорите со своето однесување влијаат врз отсуствувањето?

   а) многу често   б) понекогаш   в) не влијаат

5. Кај кои професори најчесто се отсуствува?

   а) кај строгите   б) кај попустливите   в) кај незаинтересираните

6. Најчесто отсуствуваш од часови кога се:

   а) предава   б) испитува

7. Колку родителите знаат за твоите отсуствувања ?

а) секогаш знаат б) понекогаш знаат в) не знаат

8. Како влијае отсуството врз твојот успех ?

а) негативно б) не размислувам за тоа в) не влијае

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ извршена анкета на 30 родители**

1. Дали го знаете вкупниот број на изостаноци на Вашето дете ?

   а) да б) не

2. Дали го знаете вкупниот број на неоправдани изостаноци на Вашето дете?

   а) да б) не

3. Дали го знаете вкупниот број на оправдани изостаноци на Вашето дете?

   а) да б) не

4. На кој начин сте информирани за изостаноците на Вашето дете ?

   а) од моето дете б) од класниот раководител в) од стручната служба (педагог, психолог)

   г) сам/а лично дојдов во училиште да се информирам (по моја иницијатива)

5. Дали Вашето дете ви кажува каде било кога отсуствувало од настава ?

а) да б) не

6. Дали го оправдувате Вашето дете и кога неоправдано отсуствува од часови ?

а) многу често б) понекогаш в) никогаш

7. Според Вас кои се причинита за отсуствување на учениците од наставата ?

а) болест б) досада в) мрзеливост г) револт д) професорите ѓ) страв од испрашување

**Извештај од спроведена анкета за редовноста кај ученици** : (спроведена е врз анкетирани 33ученици)

***1.*** *1.Дали според тебе често отсуствуваш од часови??*

| | |
|---|---|
| **а) ДА** | **11** |
| **б) НЕ** | **22** |

**2. Твоето отсуство најчесто е :**

| | |
|---|---|
| **а) ЦЕЛ ДЕН** | **18** |
| **б) НА НЕКОЛКУ ЧАСА** | **5** |
| **в) ЕДЕН ЧАС** | **10** |

3. **Причината за отсуство од часови најчесто е:**

| | |
|---|---|
| **а) КОГА СИ БОЛЕН** | **22** |
| **б) КОГА СЕ ИСПИТУВА** | **1** |
| **в) КОГА НЕ ТИ СЕ ДОАЃА И ТИ Е ЗДОДЕВНО** | **8** |
| **г) КОГА СЕ ПОДГОТВУВАШ ЗА ИСПИТУВАЊЕ** | **2** |

4. **Колку професорите со своето однесување влијаат врз отсуствата:**

| | |
|---|---|
| **а) МНОГУ ЧЕСТО** | **5** |
| **б) ПОНЕКОГАШ** | **17** |
| **в ) НЕ ВЛИЈААТ** | **11** |
| | |

5. **Кај кои професори најчесто се отсуствува:**

| | |
|---|---|
| **а) КАЈ СТРОГИТЕ** | **10** |
| **б) КАЈ ПОПУСТЛИВИТЕ** | **7** |
| **в) КАЈ НЕЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ** | **16** |

6. **Најчесто отсуствуваш од часови кога се :**

| | |
|---|---|
| **а) ПРЕДАВА** | **13** |
| **б) ИСПИТУВА** | **20** |

**7. Колку родителите знаат за твоите отсуствувања ?**

| | |
|---|---|
| **а) СЕКОГАШ ЗНААТ** | **22** |
| **б ) ПОНЕКОГАШ ЗНААТ** | **8** |
| **в) НЕ ЗНААТ** | **3** |

**8. Како влијае отсуството врз твојот успех?**

| | |
|---|---|
| **а) НЕГАТИВНО** | **11** |
| **б) НЕ РАЗМИСЛУВАМ ЗА ТОА** | **7** |
| **в) НЕ ВЛИЈАЕ** | **16** |

**Извештај од спроведена анкета за родители : (**спроведена е врз анкетирани 33 родители)

***1.** Дали го знаете вкупниот број на изостаноци на Вашето дете?*

| | |
|---|---|
| **а) ДА** | **33** |
| **б) НЕ** | **0** |

**2. Дали го знаете вкупниот број на неоправдани изостаноци на Вашето дете?**

| | |
|---|---|
| **а) ДА** | **23** |
| **б) НЕ** | **10** |

**3. Дали го знаете точниот број на оправдани изостаноци на Вашето дете?**

| | |
|---|---|
| **а) ДА** | **25** |
| **б) НЕ** | **8** |

**4. На кој начин сте информирани за изостаноците на Вашето дете?**

| | |
|---|---|
| **а) ОД МОЕТО ДЕТЕ** | **25** |
| **б) ОД КЛАСНИОТ РАКОВОДИТЕЛ** | **8** |
| **в) ОД СТРУЧНАТА СЛУЖБА** | **0** |
| **г) САМ/А ДОЈДОВ ВО УЧИЛИШТЕ ДА СЕ ИНФОРМИРАМ** | **0** |

5. **Дали Вашето дете ви кажува каде било кога отсуствувало од настава?**

| | |
|---|---|
| **а) ДА** | **27** |
| **б) НЕ** | **6** |

6. **Дали го оправдувате Вашето дете и кога неоправдано отсуствува од часови?**

| | |
|---|---|
| **а) МНОГУ ЧЕСТО** | **6** |
| **б) ПОНЕКОГАШ** | **13** |
| **в) НИКОГАШ** | **14** |

7. **Според Вас кои се причините за отсуство на учениците од наставата?**

| | |
|---|---|
| **а) БОЛЕСТ** | **18** |
| **б) ДОСАДА** | **0** |
| **в) МРЗЕЛИВОСТ** | **5** |
| **г) РЕВОЛТ** | **0** |
| **д) ПРОФЕСОРИТЕ** | **3** |
| **ѓ) СТРАВ ОД ИСПРАШУВАЊЕ** | **7** |

## Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

**Теми во рамките на подрачјето:**

***Училишна клима и односи во училиштето***

- Во училиштето владее позитивна клима особено акцентирајќи ја меѓуетничката интеграција на учениците и вработените во училиштето, што е резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, учениците, родителите, стручната служба и раководниот кадар од двата наставни јазика.
- Училиштето има Кодекс на однесување кој е промовиран кај сите чинители во наставниот процес.
- Изготвен е Правилник за изрекување педагошки мерки.
- Училиштето поседува Статут кој соодветно се применува.

***Промовирање на постигнувањата***

- медуми
- социјални мрежи

***Еднаквост и правичност***

- Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
- Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност.
- Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).
- Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст, но и надвор од училиштето.
- Училиштето води политика на вреднување и почитување на различните култури и гради механизми за што поголема интеграција меѓу истите.
- Учениците имаат можност да ја запознаат сопствената и културата на ‘другиот’, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

**Меѓуетничка интеграција на младите во образованието**

Во рамки на редовните часови, и оваа година продолжи иницијативата за одржување на заеднички часови на ученици и наставници од различни наставни јазици. Заедничките часови се одвиваа редовно, според предвидената динамика во Акцискиот план за меѓуетнички интегрирани активности вклучен во Годишната програма за работа на СЕПУГС „Арсени Јовков“.
За усовршување на вештините на наставниците за реализација на овој тип часови беа спроведени соодветни обуки во реализација на Град Скопје и МЦГО. Покрај интерните проверки за квалитетот на оваа настава, се реализираа и посети од страна на советниците од Бирото за развој на образованието одговорни за вклучените предметни наставници и ги оценија реализираните часови како успешни.
Во рамки на проектот ОБСЕ и Град Скопје, заеднички часови со ученици и професори мешани од албански и македонски паралелки.

Професори:
Ирфан Зубери и Убавка Исијановска
Во рамки на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ИНА) од МАШИ и УСАИД, учениците и професорите од СУГС „Арсени Јовков“ и нашиот партнер СУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија, со координаторот професорот Енвер Ајдини и професорот Шкодран Ебипи, беше организирана заедничката екскурзија под мотото „Мостови на зближување“

**Соработка со родителите и со локалната заедница**

- Училиштето остварува соработка со Советот на родители континуирано во текот на целиот период.
- Родителите се директно запознати и вклучени во сите активности на училиштето.
- Советот на родители разгледува прашања од работата на училиштето, го разгледува успехот, редовноста, соработува со директорот, наставниците, педагогот и психологот, учествува во организација на екскурзиите и донесува одлуки.
- Соработката со локалната заедница се остварува во континуитет преку спроведување заеднички проекти, различни културни манифестации, хуманитарни акции и сл.
- Училиштето остварува соработка со деловната заедница и државните институции преку Меморандуми за соработка кои овозможуваат да се подобри наставниот процес особено во делот на практичната настава.
- Училиштето е вклучено во клучни проекти како Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и Мировно образование со цел постојано подобрување на интеркултурната комуникација и вештините за мировно справување со конфликти.

**Табеларен приказ на податоци и куса анализа**

| ***Собрани податоци и обработка на документи*** | | |
|---|---|---|
| ***Прегледани документи*** | ***Тема*** | ***Куса анализа*** |
| ➢ Е-Дневници на паралелките;<br>➢ Записници од стручната служба;<br>➢ Записници од стручните активи;<br>➢ Записници од Наставничкиот совет;<br>➢ Ученичко досие;<br>➢ Персонално и педагошко досие на наставниците; | ***Училишна клима и односи во училиштето*** | Взаемното почитување и соработка меѓу наставниците е на солидно ниво, што се согледува од нивната зедничка работа како: годишни и тематски планирања, заеднички изготвени тестови, заедничко планирање на научно-истражувачки екскурзии, приредби, манифестации, акции, воннаставни |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Годишенизвештај;<br>➢ План и програма за работа на класен час;<br>➢ Извештаи од вонннаставни активности;<br>➢ Извештаи за МИО;<br>➢ Анкетни прашалници за ученици, родители и наставници. | | активности, а во последната година и формирање на мултиетничка секција и реализација на заеднички часови (предмети: Спорт и спортски активности, Англиски јазик, Германски јазик и Практична настава) на ученици кои наставата ја следат на различен јазик.<br><br>Сите недоразбирања/проблеми кои се случуваат во училиштето се решаваат преку разговор и тоа помеѓу учениците и класниот раководител, а доколку е потребно и со помош на стручната служба во училиштето и родителите.<br><br>Анкетите велат дека се зголемува интересот за културата и јазикот на ‘другиот’ и учениците покажуваат зголемен интерес за заеднички активности, претежно вонннаставни, што претставува успех на училиштето во поглед на мултиетничката интеграција како на учениците, така и на наставниот кадар и стручните служби. |
| хттп://њњњ.арсенијовков.еду.мк/<br><br>хттпс://бит.лс/2ЗццфЦН<br><br>хттпс://њњњ.радиомоф.мк/прво-место-за-уцхениците-од-арсени-јовков-за-фотосторијата-смртоносни-просхетки-во-скопје/ | | За учеството на учениците и нивните постигнати резулати на натпреварите, конкурсите, проектите, акциите и манифестациите се информира на Наставнички совет, на Советот на родители, се објавува на училишната интернет страница, а преку медиумите се информира |

| | | |
|---|---|---|
| хттп://црвенкрст-цаир.орг.мк/промовиранје-на-доброволно-дарување-на-крв/<br><br>хттпс://бит.лс/2ПфГзЦ4<br><br>хттпс://бит.лс/2П8МцЗу<br><br>хттпс://бит.лс/2Нн9ДЗН<br><br>хттпс://бит.лс/2ТСЦНЅЊ<br><br>хттпс://бит.лс/2ТПкхдм<br><br>хттп://њњњ.скопје.гов.мк/СхоњАнноунцементс.аспџ?ИтемИД=11519&мид=482&табИд=<br><br>хттпс://бит.лс/2НхЗ22и<br><br>хттпс://њњњ.ѕоутубе.цом/њатцх?в=влмгКФгвПѕњ | ***Промовирање на постигнувањата*** | пошироката јавност за учеството и резултатите на учениците. Во училиштето постојат посебно уредени катчиња каде се изложуваат пехарите, плакетите, дипломите, пофалниците, признанијата и фотографиите од различни настани.<br><br>Секоја година учениците учествуваат во хуманитарни и донаторски акции, посебни и во соработка со Црвен крст, на што училиштето е особено гордо.<br><br>Доказ за постигнувањата се и бројните пехари што учениците ги имаат освоено на спортски настани.<br>Во наградите се вбројуваат и оние за најуспешен бизнис план и претприемнички вештини, а за успехот сведочат и бројните пофалници и благодарници за учество во разни проекти и манифестации. |
| ➢ Извештаи од реализирани обуки и работилници за човекови права, правата на детето, Мировно образование, МИО | ***Еднаквост и правичност*** | Училиштето се залага за рамноправен третман на сите ученици и вработени, постојано промовира висок степен на прифаќање на различностите и нулта толеранција за дискриминација и насилство.<br>Училиштето преку план и програма за работа на класните часови и преку бројни работилници за ученици и наставници гради коректен однос на наставникот кон сите ученици и меѓу сите ученици во целото училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето се грижи сите ученици да добијат подеднаков третман без разлика на нивните различности.<br><br>Во училиштето учат двајца ученика со посебни образовни потреби (два ученика на албански наставен јазик со телесен инвалидитет) и училиштето се залага за поголем степен на нивна интегрираност. Обезбедени се посебен пристап, лифт и тоалет за секојдневно непречено функционирање на овие ученици. Дополнително, се изготвуваат посебни наставни планови за учениците со ПОП, со што наставниците се приспособуваат на можностите и афинитетите на сите ученици. |
| ➢ Записници од Советот на родители;<br>➢ Записници од стручната служба;<br>➢ Дневници на паралелката;<br>➢ Интернет страница на училиштето: хттп://њњњ.арсенијовков.еду.мк/<br>➢ Меморандуми за соработка | ***Соработка со родителите и со локалната заедница*** | Училиштето со родителските средби, индивидуалните разговори и консултации со родителите и со Советот на родители, настојува колку што е можно повеќе да ги поттикне и да ги вклучи родителите во образованието на своите деца и во животот на училиштето.<br><br>Училиштето има добра соработка со сите субјекти од поголемо значење за да се подобри квалитетот на образовниот процес и да се овозможи вмрежување со релевантни институции и компании. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето постојано соработува со другите училишта од општината и пошироко, со цел учениците да ги развиваат своите желби, интереси и способности, да им помогне на еднојазичните училишта да градат толеранција и мултиетничка интеграција, како и да придонесат за заедницата во која живеат.<br><br>Се остварува значајна соработка со Општина Бутел како и Град Скопје во поглед на реализација на заеднички средношколски активности и активности од значај за заедницата. |

| ***Резултати*** |
|---|
| |

| *Клучни јаки страни* |
|---|
| ➢ Развивање на мултиетничка средина и безбеден простор за интеркултурен дијалог;<br>➢ Реализација на голем број воннаставни активности;<br>➢ Добра соработка со локалната и деловната заедница;<br>➢ Вложување во професионален развој на наставниот кадар;<br>➢ Реализација на интегрирани часови и секција;<br>➢ Добра соработка помеѓу наставниците;<br>➢ Мултиетнички интегрирани стручни активи, Совет на родители и раководни органи;<br>➢ Учество во еколошки, донаторски и хумантиарни акции;<br>➢ Високо ниво на хигиена во училиштето и добро одржуван училиштен двор;<br>➢ Обезбедени технички услови за пристап и престој на лица со посебни потреби;<br>➢ Континуирано следење на личните постигнувања на учениците и на училиштето;<br>➢ Промоција на толеранција, еднаквост и правичност;<br>➢ Постојана соработка на класните раководители и стручната служба со родителите;<br>➢ Вклученост на родителите во процесот на носење одлуки. |
| ***Слабости*** |
| ➢ Недоволно изградени механизми за наградување на наставниците и нивна мотивација;<br>➢ Дополнителни обуки и работилници за работа на ученици со ПОП;<br>➢ Функционалност и видливост на училишната интернет страница;<br>➢ Зголемена употреба на ИКТ во наставата од поголем број на наставници;<br>➢ Зголемена активност на училишната заедница. |
| ***Анализа на резултатите*** |
| |

Со оглед на тоа што наставата во училиштето се изведува на два наставни јазика и во истото се застапени сите етнички заедници кои живеатво државата, училиштето нуди богат мултикултурен живот. Оттука, бројните работилници и заеднички наставни и вонннаставни активности сведочат за постојаното подобрување на интеграцијата со цел да се создаде едно училиште за сите. Вработените во училиштето се со години обучувани за работа во мултукултурни средини и генерално покажуваат високо нивно на свест за недискриминација и толернација, што се рефлектира и врз учениците преку секојдневен непосреден контакт како и од зголемениот број на мултикултурни настани во училиштето. Целта е да се создаде чувство на заедништво, што ќе придонесе до покохезивно општество и безбедна средина за учење и подучување. Во таква атмосфера функционира и Советот на родители и Училишниот одбор, благодарение на заложбите на училиштето во оваа насока.

Екологијата е важен сегмент од образовниот процес во „Арсени Јовков“ и училиштето се обидува да изгради висока еколошка свест кај сите ученици и вработени што се потврдува од добро одржуваниот двор, хигината во училиштето, презементи активности и добиените награди и признанија за тоа.

Училиштето подеднакво се грижи за сите свои ученици и се обидува да им овозможи што подобри услови на сите задоволувајќи ги и лицата со посебни потреби во поглед на техничките и образовните потребни на ученици со ПОП.

Од увидот во претходнопосочените документи се гледа ангажираноста на стручната служба и класните раководители за постојана соработка со родителите во најдобар интерес на нивните деца, односно учениците во училиштето. Родителите се вклучени во процесот на носење одлуки преку учество во Советот на родители и нивни претставници во Училишниот одбор.

Потпишаните Меморандуми за соработка со други училишта, институции и компании покажуваат дека постои добра комуникација помеѓу училиштето и други релевантни субјекти и истото освен што добива, исто така и пружа поддршка за подобрување на наставниот процес и условите за живот во заедницата.

Се забележува дека не голем број наставници користат нови технолошки помагала за реализација на наставниот час, и потребно е истите да се мотивираат повеќе во оваа насока, со оглед на тоа што условите за изведување на истата се долумно задоволени. Најголем дел од наставниците посетиле обука за примена на нови технологии, опремени се и две училници со ‘паметни’ табли, а училиштето располага и со неколку проектори. Потребно е и зголемување на опремата за реализација на наставен час со примена на ИКТ.

| |
|---|
| Учениците се недоволно мотивирани за учество во училишната заедница и потребно е училиштето во иднина да работи на мотивацијата на сите ученици за поголемо и поактивно вклучување во процесот на носење одлуки. |
| ***Идни активности*** |
| ➢ Градење на механизми за наградување на наставниците за екстра вложен труд и постигнувања;<br>➢ Дополнителни обуки на наставниот кадар за работа со ученици со ПОП;<br>➢ Подобрување на функционалноста и изгледот на училишната интернет страница;<br>➢ Набавка на дополнителна опрема за реализација на наставен час со ИКТ;<br>➢ Отворени часови и учење едни од други;<br>➢ Зголемена активност и функционалност на училишната заедница;<br>➢ Зголемена соработка со деловната заедница со цел подобрување на наставниот процес. |

## *Подрачје 6: Ресурси*

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***Сместување и просторни капацитети***

- Денес нашетоучилиште располага со 37 училници и опремени кабинети (2 кабинети за информатика,2 кабинети со електронска  smart табла, билиотека и спортска сала) во кои настава ја  изведуваат околу 1000 ученици на македонски и албански наставен јазик.

***Наставни средства иматеријали***

- ИКТ како наставно средство е најзастапено во училиштето и согласно тоа потребите од наставни средства се на задоволително ниво.
- Аудио-визуелна опрема за потребите на современите наставни текови.
- Училиштето врши континуирано обновување со што е во содејство со современите наставни текови.
- Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.
- Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план.

***Персонал***

- Во училиштето постои педагошко -психолошка стручна служба.

| |
|---|
| ***Развој на персоналот***<br>• Секој наставник има сопствен професионален план за развој. |
| ***Финансиско работење во училиштето***<br>• Училиштето има изготвено финансиски план и план за јавни набавки.<br>• Буџетот се користи наменски и за креативни цели, односно за подобрување на квалитетот воспитно образовниот процес |

***Подрачје 6: Ресурси***

| ***Собирање на податоци: методи обработка на документи*** | | |
|---|---|---|
| ***Финансиски извештаи Годишна програма Пописни листи Записници од Училишниот одбор*** | ***8.6.1 Сместување и просторни капацитети*** | Во училиштето постојано се превземаат активности со цел подбрување на условите за работа.<br><br>Направена е комплетна промена на кровната конструкција.<br><br>Редовно средување и одржување на дворна површина (засејување на нова трева, косење на истата, фарбање на клупите во дворот, чистење и сл.).<br><br>Извршен е попис на средствата и нивните извори и се расходовани неупотребливите средства.<br><br>Климатизирани се 90 % од училниците |

| | | |
|---|---|---|
| ***Годишна програма Пописна листа Листи на барања од активите Фактури од набавка на потрошен материјал Финансиски извештаи*** | ***8.6.2 Наставни средства и материја ли*** | Училиштето располага доволно со стручна литература. Во состав на училиштето работи и училишната библиотека со читална, која располага со доволен број на лектирни изданија како и стручна литература со фонд од вкупно 17 000 изданија од кои 15 427 на македонски јазик и 1573 на албански јазик.<br>Набавениот потрошен материјал ги задоволува основни потреби на училиштето (маркери, хартија, креди и сл.).<br>Училиштето потребите за наставни средства и материјали ги утврдува преку барањата на стручните активи до директорот и Наставничкиот совет.<br>Ефикасната употреба на наставните средства и помагала ја контролира стручен тим составен од директорот и одредени професори и одговорниот. |
| ***Записници од Наставнич ки совет Годишна програма Законот за работни односи Досие на вработени*** | ***8.6.3 Персонал*** | Персоналот во училиштето редовно е присутен на работното место. За следење на присутноста се грижи директорот, со лични укажувања, укажувања на наставнички совет, а за санкционирање се постапува според Законот за работни односи. Постојат и повремени отсуства за кои се известува директорот.<br>Наставниот кадар 100% е со високо образование. Што се однесува до половата припадност процентуално прикажано 75% отпаѓа на женската популација,додека 25 % на машката популација, во однос на национаниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | состав во нашето училиште се наставници од Македонска и Албанска националност. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Записници од директорот за следење на часови Програма за работа на менторите Материјали за одржани обуки и семинари Записник од Наставнички совет*** | ***8.6.4 Развој на персоналот*** | Работата на наставниците се следи од страна на стручен тим составен од директорот, педагогот и психологот преку посети на часови и индивидуални разговори.<br>Училиштето во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование го вклучува наставниот кадар во сите постоечки семинари и обуки организирани од истите се со цел подобрување и усовршување на стручните способности за подобрување на квалитетот на наставата. Сите овие семинари, обуки за наставниците во последните неколку години се во пораст.<br>Во училиштето со цел за унапредување на оценувањето на ученците во наставата се одржа обука со дел од наставниците на тема ***„Примена на стандардите за оценување на учениците"*** во организација на БРО, МЦГО и USAID.<br>Училиштето на наставнички совет за ново приманите вработени без работно искуство ( приправници ) обезбедува ментор од сродните предмети за помош и подршка за успешно воведување во работата и реализирање на работните задачи. Менторот во текот на приправничката година ја следи и набљудува работата, а воедно му помага во подготовката за полагање на стручниот испит. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Финансиски извештаи Записници од УО Завршни сметки Квартални извештаи Платни списоци*** | ***8.6.5 Финансиско работење во училиштето*** | Постапки за финансиското работење да биде добро спроведено и контролирано, потребните средства се планираат на годишно ниво како по приходи така и се предвидува нивната реализација по пооделни трошоци. Плановите се изготвуваат месечно и квартално за една календарска година и се доставуваат на усвојување на Училишен одбор. Истите се доставуваат до Министрството за образование и наука и до Локалната заедница.<br>За целокупниот училишен буџет и трошоци е информиран пред се директорот на училиштето, книговодителот, благајникот,УО, Советот на Град Скопје, Трезор. |
| ***Записник од Наставнички совет*** | | Министерство за финансии и други органи. До информацииите за буџетот на училиштето имаат пристап сите оние кои имаат надлежност да вршат увид во работењето на училиштето. |

***Подрачје 6: Ресурси***

***Резултати: Клучни јаки страни и слабости***

***Клучни јаки страни:***

- Задоволителна присутност на наставниот кадар и другиот персонал – причина за поквалитетно образование и воспитание; Сите наставници се со високо образование;

Вклученост на наставниот кадар во посета на најразлични семинари и обуки;

Постоење пријатни просторни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање вонаставни активности за учениците;

Изградена е мултинаменско спортско игралиште кое ги задоволува материјално-техничките и дидактички услови за реализација на наставата по спорт и спортски активности;

Максимална искористеност на расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности;

Ефективно и ефикасно користење на расположливите наставни средства и помагала, како и ИКТ опремата во наставата и учењето;

Планирање и навремено обезбедување потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонаставнитеактивности;

Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес;

Наставниците ефективно придонесуваат во работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи;

Постојана подршка и отвореност за соработка на стручната служба со наставниот кадар

Учениците и родителите, поседување на низа квалификации, вештини и искуство стекнато

Преку обуки и семинари на наставниот кадар обезбедување на професионален развој на

наставниот кадар и оддавање на признанија;

Рационално и наменско користење на финансиските средства во училиштето и во согласност со законските норми;

Добра информираност на вработените и транспарентност на училиштето во врска со планирањето и трошењето на училишниот буџет

***Слабости:***

-Недостаток на нагледни средства и помагала;
-Некомплетна реконструкција на училишната зграда;
-Недостиг од компјутери и пристап до интернет во училниците
-Неупотребливост на извесен број на компјутери во училниците поради нивна оштетеност

***Анализа на резултатите:***

Во училиштето постојат и успешно работат стручни активи кои редовно и целосно си ги извршуваат своите задачи.

Наставниот кадар во училиштето е со високо образование, дел од настравниците се магистри и доктори на науки, а дел се на постдипломски студии. За квалитетот во работата на наставниот кадар редовно се посетуваат семинари и обуки кои се организирани од Бирото за развој и МОН.

Работата на наставниот кадар редовно е следена од страна на директорот и стручната служба.

На нововработените наставници (приправници) им се одредува наставник ментор кој го подготвува приправникот за успешна реализација на наставната програма, за подготовка на годишни тематски и методскии распределенија, за примена на современи методи во наставата и за упешно полагање на стручниот испит.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

-Набавка на нагледни средства и помагала;
-Континуирана обука на наставниците за примена на современи методи на настава и следење на
-Современите текови во воспитно образовниот процес;
-Потикнување на наставниците и учениците за учество на натпревари, турнири, квизови организирани на градско, регионално, републичко или меѓународно ниво;
-Поддршка на наставниците за изработка на проекти.

# *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***7.1 Раководење и управување со училиштето***

- Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.
- Состаноците се одржуваат со мнозинство членови, има потребен кворум.
- Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес.
- Училишниот одбор и раководниот орган имаат воспоставено партнерски однос што се констатира од прашалникот за членовите на УО.
- Надлежностите за управување и административните обврски се јасно дефинирани.
- Раководниот орган се залага за модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на економско- правните група предмети, општествените предмети, јазиците и предметите кои се во функција на средното стручно образование.
- Кај вработените развива доверба и ги мотивира за тимска работа, секогаш обезбедува комуникација која се темели на меѓусебна соработка и почитување, соработува со другите училишта, организации и локалната самоуправа

***7.2 Цели и креирање на училишната политика***

- Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење,што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.
- приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини.
- Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето.
- Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.

*7.3 Развојно планирање*

- Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор.
- Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето.
- При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали.

## *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**Обработка на документи** | | |
|---|---|---|
| ***Наведете ги сите документи кои се прегледани.*** | | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Статут на Училиштето***<br>***Годишната програма за работа***<br>***Правилник за организација и систематизација на работните места во СЕПУГС„Арсени Јовков"-Скопје***<br>***Правилник за организација на процесот на работа***<br>***Програмата за работа на директорот***<br>***Програма за работа на Советот на родители***<br>***Записници од:***<br>- ***Училишен одбор***<br>- ***Совет на родители***<br>- ***Наставничкиот совет***<br>- ***училишна заедница*** | ***9.7.1 Раководење и управување со училиштето*** | Структурата на раководење во училиштето се состои од: Училишен одбор **(Прилог 1)**, Совет на родители, директор на училиштето и заменик директор. Структурата за управување во училиштето одговара на сите параметри т.е половата застапеност е правична. Во структурата на раководење и управување со училиштето по однос на националниот состав се Македонци и Албанци.<br>Надлежности за управување и административни задачи се јасно дефинирани и се во склад со Законот за средно образование.<br>Раководниот тим при разрешувањето на проблемите во училиштето е во постојан контакт и консултации со вработените во училиштето, а особено со наставничкиот кадар. Консултации се вршат со: училишен одбор, советот на родителите, наставничкиот совет, советите на паралелките и други комисии и работни групи.<br>Состаноци на раководниот тим се одржуваат редовно и по потреба. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите. Состаноците ги води претседателот на органот или претседателот на соодветното тело, а во негово отстуство состанокот го води заменикот на претседателот. За обезбедување на присуство на членовите се грижат стручните лица во училиштето, како и директорот на училиштето. На состаноците редовно присуствува и директорот на училиштето, стручниот соработник, секретарот, а по потреба и други административни работници.<br>Раководниот тим остварува соработка со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот |

| | | |
|---|---|---|
| | | процес во училиштето. Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива секојдневно преку секојдневните контакти и преку наставнички совет на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира. Со родителите соработката е преку Одборите на родители на паралелките, Одбори на родители на годините и Советот на родители. Учениците преку класните заедници остваруваат соработка со раководниот тим и со<br>стручната служба. |

## *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

| | | |
|---|---|---|
| ***Статут на училиштето***<br>***Куќен ред***<br>***Правилник за доделување на пофалби и награди и изрекување на педагошки мерки***<br>***Правилник за начинот на надомест на намерно направена штета од ученици.***<br>***Насоки и Упатство од Министерот за образование и наука***<br>***План за заштита и спасување***<br>***Решенијата за изречени педагошки мерки***<br>***Записници од психологот и педагогот***<br>***Записници од:***<br>- ***Училишен одбор***<br>- ***Совет на родители***<br>- ***Наставничкиот совет***<br>- ***училишна заедница*** | ***9.7.2 Цели и крирање на училишната политика*** | Училиштето има Куќен ред и Правилници за дициплинска одговорност и дисциплински мерки. Се користат и позитивните законски прописи кои се однесуваат на овие прашања. Во согласност со Куќниот ред и Правилниците класниот раководител, наставничкиот совет како и директорот можат да изречат педагошки мерки за ученикот во зависност од прекршкот.<br>Во училиштето нема примери за сексуално злоупотребување и дискриминација.<br>Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор и психологот и педагогот. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во крирањето на училишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител и преку училишна заедница.<br>За унапредување на здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците, на класните часови се одржуваат предавања на одредени теми поврзани со здравјето, а редовна е соработката и со Црвениот крст и други здравствени институции и стручни лица (најразлични предавања, дискусии, делење на брошури, итн). Учениците во нашето училиште земаат учество на сите организирани активности од страна на општинскиот Црвен крст (натпревари, работилници итн.). Училиштето е подготвено за преземање на мерки за заштита, спасување и помош на луѓето, материјалните вредности и објектите во услови на нивно загрозување од разни опасности. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Извештаи од освоени места на натпревари***<br>***Дневникот на паралелката*** | | На учениците кои се посебно талентирани и остваруваат одлични резултати, училиштето им овозможува и организира консултации и додатна настава, учество на натпревари, и сл, а за учениците со послаби резултати се организира дополнителна настава.<br>Во училиштето наставата се следи на македонски јазики албански наставен јазик, а од странските јазици како прв се изучува англискиот јазик, а како втори се изучуваат француски и германски јазик. |

## *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

| | | |
|---|---|---|
| ***Годишната програма за работа на училиштето***<br>***Развојна програма***<br>***Дневник на паралелката***<br>***Годишни извештаи за работата на училиштето***<br>***Записници од:***<br>***- Наставнички совет***<br>***- Училишен одбор***<br>***- Совет на родители*** | ***9.7.3 Развојно планирање*** | Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор.<br>Во изготвување на годишното планирање учествуваат директорот на училиштето, заменик директорот и тим од одредени наставници.<br>Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето. При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали.<br>Планирањето се базира врз објективни податоци. Планирањето е реално затоа што се планира она што може да се реализира. Реализирањето на планираното постојано се следи од директорот на училиштето, од заменик директорот, психологот, педагогот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците родителите итн.<br>Во склоп на училиштето не постојат подрачни училишта. |

## *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

| ***Резултати: Клучни јаки страни и  слабости*** |
| --- |
| ***Клучни јаки страни:***<br>Постојаниот контакт и консултациите на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето;<br>Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка<br><br>Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика.<br>- Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган;<br>Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето<br>Постоење на изготвени програми за работа на двата органи<br>- Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите;<br>Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи;<br>Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето<br>- Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците;<br>Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците;<br>Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата на училиштето. |
| ***Слабости:***<br><br>Недоволна обученост на наставниците за изработка на проекти и долгорочни планирања. |

## *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

***Анализа на резултатите:***

Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор, Советот на родители и директорот на училиштето на што укажува постоењето на позитивна клима во истото. Раководниот тим во училиштето редовно одржува состаноци со сите тимови во училиштето како што се тимот за проекти, активите на наставниците и други. Консултациите на релација раководен тим други субјекти на училиштето се на задоволително ниво. Училиштето има изградено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците.

Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето. За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветните органи. Училиштето има изградено коректни односи со Заводот за здравствена заштита што овозможува редовна здравствена контрола на учениците и наставниците, се со цел водење грижа за нивното здравје и едукација. Во нашето училиште покрај другите предмети се изучуваат странските јазици (англиски, германски, и француски јазик). Во изготвувањето на годишните планирања учествуваат сите субјекти вклучени во образовниот процес во училиштето. Побезбедно и поуспешно планирање се врши преку искажување и на негативните страни на училиштето.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

- Едуцирање на наставниот кадар за долгорочно планирање.
- Едуцирање на наставниот кадар за изработка на проекти.

***Подрачје 7: Раководство, креирање политика***

**Прилог 1**

**Училишниот одбор го сочинуваат 12 членови и тоа:**

1. Ганимете Речи Бислими – претседател, претставник од Наставнички совет.
2. Убавка Исијановска – заменик претседател -претставник од Наставнички совет.
3. Ирфан Зубери- претставник од Наставнички совет.
4. Семир Мустафа - претставник од Наставнички совет.
5. Весна Младеновска – претставник од Град Скопје.
6. Рада Тодорова – претставник од МОН на Република Северна Македонија.
7. Емри Емини - претставник од Совет на родители.

8. Билјана Кадриевска- претставник од Совет на родители .

9. Реџеп Исмаили– претставник од Совет на родители. 10.Сефедин Мустафа – претставник од Стопанска комора

Во моментот Училишниот одбор работи без два члена претставници од Град Скопје